# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 18, година XLIX**
**Понеделник, 19.11.2018**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2018 година

1. Ја објавувам Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 14.11.2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

| | |
|---|---|
| Бр. 08-895/1 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 19.11.2018 год. | на Општината Битола, |
| Б и т о л а | м-р Наташа Петровска |

Врз основа на член 36 став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 61/2004 , 96/2004 , 156/09, 47/11 и 192/15), и член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола ("Службен гласник на Општината Битола" број 10/2005), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.11.2018 година, донесе

### О Д Л У К А
### за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2018 година

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Битола за 2018 година донесена на седницата број 7 од Советот на Општина Битола одржана на ден 27.12.2017 година објавена во („Службен гласник на Општината Битола" бр 17/2017), се врши измена и дополнување и тоа:

По членот 24 се додава нов член 24а кој гласи:

„Во Буџетот на Општина Битола во програмата А0 - Совет на Општина Битола ставка 464990 - Разни трансфери се издвојуваат средства во висина од 2.000.000,00 денари за рефундирање на трошоците за превоз на учениците на следниот начин:

Директорот на секое училиште е должен на крајот на секој месец или почетокот на наредниот месец да достави Извештај на сите ученици на кои треба да им се исплати за превоз на ученици до Секторот за јавни дејности. Извештајот треба да содржи список на ученици кои користеле превоз на кои треба да им се рефундираат средствата, број на денови во кои ученикот користел бесплатен превоз и износ за исплата спрема донесени оргинални фискални сметки.Во прилог треба да се достави од секој ученик:

- Барање за рефундирање на трошоците за превоз на учениците,
- фотокопија од трансакциона сметка на родител/старател
- фотокопија од лична карта од родител/старател со Изјава за согласност за користење на личните податоци за потребите на Општината
- оргинални автобуски фискални сметки и извештај за присутност на ученикот од училиштето.
- Секторот за јавни дејности по проверката на целокупната документација, и точноста на истите ги доставува за исплата во Секторот за Финансиски прашања."

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-158/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.11.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 10 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), член 27 од Статутот на Општинскиот фонд за наградата „4 Ноември“ („Службен гласник на Општината Битола“ бр.7/99 и 5/2002) и член 2 став 2 од Правилникот за организација и работа на Управниот одбор на Фондот за наградата „4 Ноември“ („Службен гласник на Општината Битола“ бр.7/99, 10/2001 и 5/2002), Управниот одбор на Фондот за наградата „4-ти Ноември“ во состав од: претседателот на Управниот одбор Валентин Груевски и членовите Габриела Илиевска, Горан Михајловски, Методија Илиевски, Емилија Костурски, Елеонора Илиевска, Борче Димитровски, Тони Коњановски и Жаклина Наумовска на седницата одржана на 01.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на Општинската награда**
**„4 Ноември“, за животно дело**
**за 2018 година**

**Член 1**

Општинската награда „4 Ноември“, за животно дело му се доделува на

**1. Г-ѓа ВИОЛЕТА ТОМОВСКА – музички уметник**

**ПРЕДЛАГАЧИ: КУД Благој Петров Караѓуле – Битола, Шаховски Клуб „4-ти Ноември“ – Битола, Здужение на слепи лица – Битола, Заедница на инвалидски Организации – Битола и Ракометен Клуб „Пелистер“ АД - Битола**

Неповторлива Битолчанка, доајен на Македонската фолклорна музика, добитник на многу признанија и награди во земјата и ширум светот за нејзините музички изведби.

Потекнува од музичко семејство. Основното образование го завршила во Битола каде свирела на мандолина, а подоцна станала и член на КУД „Илинден“-Битола. Во 1959 година се запишала на Учителската школа во Скопје и се зачленила во КУД „Орце Николов“. Од 1959 до 1963 година секојдневно вежбала клавир со нејзиниот вујко Благој Петров – Караѓуле и со нејзината тетка Блага Петрова – Видец. Во 1960 година настапила во радиоемисијата „Микрофонот е ваш“, каде добила прва награда што за неа претставуваше поттик за понатамошна работа и остварување на нејзината голема желба да работи во Радио Скопје. Александар Џамбазов за неа ја напишал песната „Пелистерски очи“, со која станала многу популарна.

Таа е личност со богата музичка кариера, кариера во која испеала многу хитови и бисери на македонската староградска песна. Меѓу познатите се хитовите: „Македонско девојче“, „Ој Вардаре македонски“, „Ми товарил Дончо“, „Песна ви пеам, Македонци“ и стотина други.

Автор или коавтор е на повеќе песни: За тебе се родив (со Кочо Петровски), Песна ви пеам Македонци (со Кочо Петровски и Ѓ.Белџигеровски) и Мајко ле мила мајчице.

Настапувала на многу фестивали на кои добила безброј награди од публиката и жири комисиите. Меѓу нив е наградата „Послание за хуманост на

Мајка Тереза, добиена од Граѓанската асоцијација „Скопјанката Мајка Тереза“, за нејзината хуманост, како и наградата „Ајри Демировски“ доделена од Битолски Весник, по повод манифестацијата „Избираме најуспешни битолчани за 2009 година“.

Во 2016 година, на првата ревијална вечер на „Фолк-фест Валандово“, доделена и е специјална награда за нејзиниот придонес на фестивалот и нејзиното 55-годишно творештво.

Голем хуманист и претседател е на Здружението „Животна искра“. Дава исклучителен придонес во областа на првенција и заштита од малигни заболувања, посебно во унапредувањето на здравјето на жените. Искажувајќи ја својата хманост, досега одржала голем број на хуманитарни концерти.

**Член 2**

Наградата за животно дело му се доделува во вид на плакета и паричен износ од 60.000 денари.

**Член 3**

Наградата се доделува по повод „4 Ноември“ - Денот на ослободувањето на Битола.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

**Бр. 0916-155/4**
**01.11.2018 год.**
**Б и т о л а**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Управниот одбор на Фондот за Општинската награда „4 Ноември“,**
**Валентин Груевски**

Врз основа на член 10 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), член 27 од Статутот на Општинскиот фонд за наградата „4 Ноември“ („Службен гласник на Општината Битола“ бр.7/99 и 5/2002) и член 2 од Правилникот за организација и работа на Управниот одбор на Фондот за наградата „4 Ноември“ („Службен гласник на Општината Битола“ бр.7/99, 10/2001 и 5/2002), Управниот одбор на Фондот за наградата „4-ти Ноември“ во состав од: претседателот на Управниот одбор Валентин Груевски и членовите Габриела Илиевска, Горан Михајловски, Методија Илиевски, Емилија Костурски, Елеонора Илиевска, Борче Димитровски, Тони Коњановски и Жаклина Наумовска на седницата одржана на 01.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на Општинската награда „4 Ноември“ за 2018 година**

**Член 1**

Општинската награда “4 Ноември“ за 2018 година се доделува на:

**1. Доц.Д-р АЛЕКСАНДАР ЛИТОВСКИ**
**ПРЕДЛАГАЧИ: Претседател на ОО на СБМ-Битола – Александар Трајковски**

Се предлага заради остварувања во областа на литературата, издавањето и влијанието на неговата последна книга „Нашето националистичко пијанство“. Книга од особено значење, збир на еден труд со пишан збор каде што изврши влијание врз критичната мисла на секој човек во општеството.

Со своите колумни придонесуваше Битола да биде константно присутна на општествено политичката сцена на Република Македонија. Неговата книга е книга чија содржина се собирала од 2015-2017 година, односно во време на големи промени и превирања како во нашата држава, така и во Битола. Самата промоција на книгата претставува сведоштво за вредноста на ова дело во пулсирањето на општествено-политичката мисла во градот.

**2. ЈОВАН ВАСИЛЕВ – спортски работник**
**ПРЕДЛАГАЧ: Здружение на ракометни судии и делегати**

Се предлага од областа на спортот заради неговите достигнувања во сезоната 2017/2018 година како претседател на женскиот ракометен клуб Пелистер за освојувањето на третото место во првенството и обезбедувањето на пласман во европските ракометни купови. Вредно е да се напомене и довербата која Ракометната Федерација на Македонија му ја довери за да биди делегат на финалниот меч од Купот на Република Македонија помеѓу екипите на Вардар и Металург, кој се одигра во Битола во месец Мај 2018 година.

**3. Проф.Д-р ИВАН ДОДОВСКИ – универзитетски професор по критичка теорија, литература и културологија на Универзитетот Американ колеџ Скопје (УАКС)**

**ПРЕДЛАГАЧ: Младински културен Центар – Битола, со подршка од Педагошкиот факултет – Битола, НУ Универзитетска Библотека „Св.Климент Охридски“-Битола и Универзитетот Американ колеџ - Скопје**

Се предлага заради неговите достигнувања во областа на науката и културата, за неговата значајна студија „Мало фолио за театар“ објавена во 2018 година, која се однесува на развојот на театарот во Битола и претставува капитален придонес во историјата на културата на градот Битола и на македонскиот театар и култура воопшто.

Со оваа научна публикација се одбележува неговиот значаен јубилеј – 25 години театролошка работа – и со неа на вистински начин го афирмира и му се оддолжува на својот роден град Битола.

**Член 2**

Наградата за поединци и групи творци се доделува во вид на диплома и паричен износ од 15.000 ден.

**Член 3**

Наградата се доделува по повод „4 Ноември“ - Денот на ослободувањето на Битола.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

**Бр. 0916-155/3**
**01.11.2018 г.**
**Б и т о л а**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Управниот одбор на Фондот за Општинската награда „4 Ноември“,**
**Валентин Груевски**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02, и член 128 и 132 од Законот за основно образование, („Службен весник на РМ„ 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018) Градоначалникот на Општината Битола донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на Директор на Основно училиште „Даме Груев„ Битола**

1.За Директор на ОУ „Даме Груев„ Битола се избира **Роза Јовановска** Дипломиран професор по оделенска настава со положен испит за директор.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години .

3..Новоименуваниот Директор со досегашниот ВД Директор да извршат примопредавање на правата и должностите , а во согласност со позитивните прописи.

4. Решението влегува во сила по неговата конечност кога и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општината донесе Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на Директор на основното училиште. Училишниот одбор распиша Јавен оглас . По објавениот Јавен оглас за избор на Директор во основното училиште, Училишниот одбор достави предлог до Градоначалникот бр.02 -215/3 од 02.07.2018 со пропратен допис бр. 02-217/1 од 02.07.2018 г.заведено во општината Битола под бр. 08-493/2 од 02.07.2018 г. со кој предлог за Директор на основното училиште е предложен кандидатот Роза Јовановска Дипломиран професор по одделенска настава, со положен испит за директор.

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината.
Согласно член 128 и 132 , од Законот за основно образование, Директорот на училиштето го избира Градоначалникот на Општината.

Мандатот на Директорот трае 4 години.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука :** ***Кандидатите кои не се избрани во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението, имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.***

**Бр. 08- 493/3**
03.07.2018
Битола

**Градоначалник**
**на Општина Битола**
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02, и член 128 и 132 од Законот за основно образование, („Службен весник на РМ„ 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018) Градоначалникот на Општината Битола донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на Директор на Основно училиште „ Д-р Трифун Пановски„ Битола**

1.За Директор на ОУ „ Д-р Трифун Пановски„ Битола се избира **Пецо Димовски** Професор по историја вработен во основното училиште со положен испит за директор.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години .

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општината донесе Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на Директор на основното училиште. Училишниот одбор расписа Јавен оглас . По објавениот Јавен оглас за избор на Директор во основното училиште, Училишниот одбор достави предлог до Градоначалникот – бр.02 -325/3 од 10.08.2018 г. заведено во општината Битола под бр. 08-525/3 од 10.08.2018 г. со кој предлог за Директор на основното училиште е предложен кандидатот Пецо Димовски, Професор по историја , со положен испит за директор, вработен во основното училиште, кој воедно е и единствен кандидат пријавен по јавниот оглас.

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината.
Согласно член 128 и 132 , од Законот за основно образование, Директорот на училиштето го избира Градоначалникот на Општината.

Мандатот на Директорот трае 4 години.
Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

**Бр. 08- 525/4**
14.08.2018
Битола

**Градоначалник**
**на Општина Битола**
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 135 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016 , 127/16 , 67/17 и 64/2018 ) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на ВД Директор на основно училиште**
**„ Д-р Трифун Пановски„ Битола**

1. **Се разрешува Пецо Димовски** досегашен ВД Директор на Основното училиште „ Д-р Трифун Пановски„ Битола од функцијата ВД Директор на училиштето заклучно со 13.08.2018 г.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со Решение за избор на ВД Директор на ОУ „ Д-р Трифун Пановски„ Битола бр.08-28/3 од 24.01.2018 година Пецо Димовски беше избран за ВД Директор на училиштето.
Со оглед дека мандатот на ВД Директор заврши и извршен е избор на Директор на училиштето се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Бр.08-525/5**
**14.08.2018 год.**
**Битола**

**Г р а д о н а ч а л н и к**
**на Општина Битола**
**м-р Наташа Петровска**

*Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), член 24а од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија„ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015 и 39/2016 и 64/2018), Градоначалникот на Општина Битола, донесе*

**РЕШЕНИЕ**
*за разрешување на вршител на должноста директор на ЈП „Водовод„ Битола*

*1.Се разрешува* ***Камелија Видимче*** *од функцијата вршител на должноста директор на ЈП „Водовод„ Битола заклучно со 13.09.2018 година.*

*2. Се задолжува разрешениот ВД Директор со именованиот ВД Директор веднаш да извршат примопредавање на правата и обврските во се согласно закон.*

*3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.*

*Образложение*

*Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа , член 24 а, од Законот за јавните претпријатија , Битола се одлучи како во диспозитивот на Решението.*

*Примерок од решението да се достави на разрешениот ВД Директор, архивата на Општината Битола и архивата на ЈП.*

*Бр. 08- 723/1*
*13.09.2018*
*Битола*

*Градоначалник .*
*на Општината Битола*
*м-р Наташа Петровска*

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/2002), член 24а од Закон за јавните претпријатија (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015 , 39/2016 ), Градоначалникот на Општина Битола, а по донесувањето на Решението за разрешување на ВД Директор на јавно претпријатие,,Водовод,, Битола донесе

**РЕШЕНИЕ**
за именување вршител на должноста
директор на ЈП ,,Водовод,, , Битола

1.За вршител на должноста директор на ЈП ,,Водовод,, Битола **се именува Горан Козаров м-р по индустриски менаџмент** од Битола, сметано од 14.09.2018.

2. ВД Директор се именува за време додека се изврши избор на Директор на ЈП, но не подолго од 6 месеци.

3. Се задолжува именуваниот ВД Директор со разрешениот ВД Директор веднаш да извршат примопредавање на правата и обврските во се согласно закон.

4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општината Битола,,.

Образложение

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа , член 24 а, од Законот за јавните претпријатија , а заради обезбедување на континуитет и непреченост во работата на Јавното претпријатие по донесувањето на Решението за разрешување на ВД Директор на ЈП ,,Водовод,, Битола, Градоначалникот на општината именува ВД Директор во јавното претпријатие.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.

Примерок од решението да се достави на именуваниот ВД Директор, архивата на Општината Битола и архивата на ЈП.

Бр. 08- 723/2
13.09.2018
Битола

Градоначалник
на Општината Битола
м-р Наташа Петровска

*Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" 5/02), а во врска со член 50 став 2 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола ("Службен весник на Република Македонија" бр.90/2009, 188/2013 и 192/2015) Градоначалникот на Општината Битола го донесе следното*

***Р Е Ш Е Н И Е***

***за назначување на лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција***

*1. Се назначува* ***Слободан Најдовски ,Секретар на општина Битола*** *за лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција во Општината Битола и самостојно ги превзема мерките од член 50 став 5 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.*

*2. Решение влегува во сила по неговата конечност и истото ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Битола,,.*

***О б р а з л о ж е н и е***

*Согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Градоначалникот има обврска да назначи лице кое ќе известува за неправилности и сомнежи за измама или корупција во општината Битола, а со цел да се спречи ризикот од неправилности и измами и преземање на дејства против неправилностите и измамите. Лицето кое е определено да известува за неправилности и сомнежи за измами и корупција е должно за неправилностите кои ќе ги утврди, да презема мерки и за тоа да ги известува Јавното обвинителство на Република Македонија, Министерството за финансии - Управата за финансиска полиција и финансиската инспекција на јавниот сектор, а во рок од 15 дена за преземените мерки во писмена форма го известува лицето кое укажало на неправилности или измами, освен во случај на анонимна пријава.*

*Имајќи го во предвид наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.*

***Правна поука:*** *Против ова решение може да се достави приговор до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена на приемот на решението.*

***Бр. 04-214/1***

*25.09.2018*
*Битола*

***Градоначалник***
***на Општината Битола***

***м-р Наташа Петровска***

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 128 и 132 и 133 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016 , 127/16 , 67/17 64/2018) Градоначалникот на Општина Битола , а по добиеното Известување од Директорот на ОУ „Ѓорги Сугарев„ , Битола бр. 03-172/1 од 08.08.2018 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на Директор на основно училиште „Ѓорги Сугарев„ Битола**

1. На **Валентина Стојкоска** Директор на ОУ „Ѓорги Сугарев„ , Битола му престанува мандатот на Директор заклучно со 25.09.2018 година по нејзино барање.

2. Се задолжува досегашниот Директор со новоименуваниот ВД Директор да извршат примопредавање на правата и должностите , а во согласност со позитивните прописи.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со допис бр. 03-172/1 од 08.08.2018 година , Директорот на ОУ „Ѓорги Сугарев„ Битола, до Градоначалникот на Општина Битола достави неотповиклива оставка поради избор на друга функција.. Согласно член 133 став 1 алинеа 1 од Законот за основно образование:

„На директорот на основното училиште му престанува мандатот, ако:
- тоа сам го побара„.

Поради обезбедување на континуирана работа во општинското основно училиште, а согласно член 135 од Законот за основното образование, Градоначалникот ќе именува В. Д. Директор.

Имајки го во предвид погореизнесеното, се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Бр.08- 641/2**
**25.09.2018 год.**
**Битола**

**Г р а д о н а ч а л н и к**
**на Општина Битола**
**м-р Наташа Петровска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 133 и 135 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016 , 127/16, 67/17 и 64/2018 ) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување ВД Директор на основно училиште**
**„Ѓорги Сугарев„ Битола**

1. За В.Д. Директор на ОУ „ Ѓорги Сугарев„ Битола **се именува Валентина Петреска** Педагог вработен во училиштето.

Функцијата В.Д. Директор ја превзема од 26.09.2018 година.

2. ВД Директор ги врши работите до именување на нов Директор , но не подолго од 6 месеци од денот на неговото именување.

3.Новоименуваниот ВД Директор со досегашниот Директор да извршат примопредавање на правата и должностите , а во согласност со позитивните прописи.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Поради обезбедување на континуитет во Основното училиште „Ѓорги Сугарев„ Битола, а по престанокот на мандатот на досегашниот Директор, согласно член 133 и 135 од Законот за основно образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор

Од погоренаведеното се одлучи како во диспозитивот на решениeто.

**Бр.08-641/3**
**25.09.2018 год.**
**Битола**

**Г р а д о н а ч а л н и к**
**на Општина Битола**
**м-р Наташа Петровска**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија „ 5/02), член 103 и 104 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009; 36/2011; 51/2011; 166/2012; 15/2013; 79/2013; 164/2013; 187/2013; 38/2014; 44/2014; 116/2014; 180/2014; 33/2015; 72/2015; 104/2015; 150/2015; 173/2015; 192/2015 , 30/2016, 163/2017 и 51/2018) Градоначалникот на Општината Битола донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за разрешување на ВД Директор на Јавната општинска установа Дом за стари лица „Сју Рајдер„ Битола**

1. **Јулијана Котевска** ВД Директор на ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер„ Битола се разрешува од функцијата ВД Директор заклучно со 10.10.2018 година, поради завршување на мандат.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со Решение за именување на ВД Директор на ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер„ Битола бр.08- 297/3 од 10.04.2018 година, за ВД Директор е избрана Јулијана Котевска.
Имајки го во предвид фактот што мандатот на ВД директорот е завршен, се одлучи како во диспозитивот на решението.

Бр. 08-796/1
10.10.2018.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија „ 5/02), член 103 и 104 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009; 36/2011; 51/2011; 166/2012; 15/2013; 79/2013; 164/2013; 187/2013; 38/2014; 44/2014; 116/2014; 180/2014; 33/2015; 72/2015; 104/2015; 150/2015; 173/2015; 192/2015 , 30/2016, 163/2017 и 51/2018) Градоначалникот на Општината Битола донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на ВД Директор на Јавната општинска установа Дом за стари лица „Сју Рајдер„ Битола**

1. За ВД Директор на ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер„ Битола се именува **Јулијана Котевска** ВСС од Битола, вработена во установата.
Функцијата ВД Директор именуваниот ја превзема од 11.10.2018 година.

2.Мандатот на ВД Директор е во траење до избор на Директор на установата но најмногу 6 месеци.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со Решението за разрешување на ВД Директор на Јавната општинска установа Дом за стари лица „Сју Рајдер„ Битола бр. 08-796/1 од 10.10.2018 година ВД Директорот на установата е разрешен.
Со цел обезбедување континуитет во работата на установата, Градоначалникот на Општината именува ВД Директор.
Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.

Бр. 08-796/2
10.10.2018.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 50 став 1 точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија”, бр. 5/02), член 17 став 7 од Закон за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија„ бр. 27/2014, 199/2014 , 27/2016 и 35/2018), како и член 54 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на Општината Битола „ бр. 10/05) Градоначалникот на Општината Битола, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 01-02 од 03.09.2015 година , бр. 01-01/1 од 09.08.2016 година , бр. 01-01/1 од 10.05.2017 година , бр.01-01/1 од 26.04.2018 година и бр. 01-02/1 од 03.08.2018 година и тоа:
во глава III „Опис на работните места во Општина Битола„ во членот 16 после работното место со реден број 31-а „Помошник раководител на сектор за финансиски прашања„ се додава ново работно место со реден број 31-б кое гласи:

| | |
|---|---|
| 2.Сектор за финансиски прашања | |
| Одделение/оддел/друг организационен облик | |
| **Реден број** | 31-б |
| **Шифра** | УПР 0101Б03000 |
| **Ниво** | Б3 |
| **Звање** | Помошник раководител на сектор |
| **Назив на работно место** | **Помошник раководител на сектор за финансиски прашања за областа администрирање со приходи и јавни набавки** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на сектор |
| **Вид на образование** | Економски науки |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Му помага на раководителот на сектор при организација и контрола на работата во одделението за администрирање со приходи и одделението за јавни набавки |
| **Работни задачи и обврски** | - организира, координира и учествува или непосредно изработува одлуки или други општи акти , програми, од надлежност на секторот кој се однесуваат на администрирањето со приходи и јавните набавки;<br><br>- врши работи што бараат посебна стручност и самостојност во работата што ќе му ги довери раководителот на сектор а кој се од областа администрирање со приходи и јавни набавки;<br><br>- врши контрола на спроведување законито и навремено |

| | |
|---|---|
| | утврдување и наплата на даноците, таксите и другите надоместоци;<br><br>-врши контрола над ажурно и ефикасно водење на регистрите на недвижен и подвижен имот, за редовно усогласување на состојбата на регистарот на недвижен имот со регистарот кој го води АКН како и за ажурно и ефикасно водење на другите регистри потребни за утврдување и наплата на комуналните и други такси;<br><br>-му помага на раководителот на сектор во координирање на процесот на присилната наплата на даноците, таксите и другите надоместоци;<br><br>-го контролира изготвувањето на годишен план за јавни набавки ја следи неговата реализација, како и следење и согледување на потребите од набавки во општината;<br><br>- му помага на Раководителот на сектор во координација на процесот на комуникацијата и организацијата на стручната и техничка помош за Комисијата за јавни набавки;<br><br>-го контролира водењето на регистарот на постапките за јави набавки во законски предвидениот рок;<br><br>- остварува редовни контакти и координација на работата со раководителите на одделенија за администрирање со приходи и јавни набавки, разменувајќи со нив информации;<br><br>- го заменува раководителот на секторот со сите негови овластувања и одговорности во случај кога е спречен или отсутен , од областа на администрирање на приходи и областа на јавните набавки. |

**Член 2**

Работното место под реден број 50 „Самостоен референт администратор на комунална такса „ се брише.

**Член 3**

Постојните работните места со реден број :
51,52,53,54,55,56,57,58,59,60,61,62,63,64,65,66,67,68,69,70,71,72,73,74,75,76,77, 78,79,80,81,82,83,84,85,86,87,88,88-а и 88-б станувааt
50,51,52,53,54,55,56,57,58,59,60,61,62,63,64,65,66,67,68,69,70,71,72,73,74,75,76, 77,78,79,80,81,82,83,84,85,86,87,88,88-а.

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„ а ќе се применува по добивањето на

писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Бр.01-03/1**
30.10.2018.
Битола

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
на Општината Битола
м-р Наташа Петровска

**ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА БИТОЛА**

**2. Сектор за финансиски прашања**

| *** | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | |
| 31 -б | УПР | 01 | 01 | Б03 | 000 | **Помошник раководител на сектор за финансиски прашања за областа администрирање со приходи и јавни набавки** | 1 |

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 135 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016 , 127/16 , 67/17 и 64/2018 ) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на ВД Директор на основно училиште**
**„Даме Груев„ Битола**

1. **Се разрешува Ленче Богоевска** досегашен ВД Директор на Основното училиште „Даме Груев„ Битола од функцијата ВД Директор на училиштето заклучно со 13.11.2018 г.

2.Разрешениот ВД Директор со Директор да извршат примопредавање на правата и должностите , а во согласност со позитивните прописи.

3.Ова решение влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со Решение за избор на ВД Директор на ОУ „Даме Груев„ Битола
бр.08-1080/4 од 28.12.2017 година Ленче Богоевска беше избран за
ВД Директор на училиштето.
Со оглед дека мандатот на ВД Директор заврши, Решението за избор на Директор на училиштето стана конечно, се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Бр.08-493/9**
**14.11.2018 год.**
**Битола**

**Г р а д о н а ч а л н и к**
**на Општина Битола**
**м-р Наташа Петровска**

# С О Д Р Ж И Н А

О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2018 година ........................ 1

О Д Л У К А за доделување на Општинската награда „4 Ноември“, за животно дело за 2018 година.......................................................... 3

О Д Л У К А за доделување на Општинската награда „4 Ноември“ за 2018 година .................... 5

Р Е Ш Е Н И Е за избор на Директор на Основно училиште „Даме Груев“ Битола ........... 7

Р Е Ш Е Н И Е за избор на Директор на Основно училиште „Д-р Трифун Пановски“ Битола ..................................................................... 8

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на ВД Директор на основно училиште „Д-р Трифун Пановски“ Битола................................................... 9

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на вршител на должноста директор на ЈП „Водовод“ Битола... 10

Р Е Ш Е Н И Е за именување вршител на должноста директор на ЈП „Водовод“, Битола.. 11

Р Е Ш Е Н И Е за назначување на лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција.......................................... 12

Р Е Ш Е Н И Е за престанок на мандат на Директор на основно училиште „Ѓорги Сугарев’ Битола................................................... 13

Р Е Ш Е Н И Е за именување ВД Директор на основно училиште „Ѓорги Сугарев“ Битола...... 14

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на ВД Директор на Јавната општинска установа Дом за стари лица „Сју Рајдер“ Битола ...................... 15

Р Е Ш Е Н И Е за именување на ВД Директор на Јавната општинска установа Дом за стари лица „Сју Рајдер“ Битола .................................... 16

П Р А В И Л Н И К за именување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола .................................................................... 17

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на ВД Директор на основно училиште „Даме Груев“ Битола ................................................................... 21

ОВАА СТРАНИЦА Е ПРАЗНА

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211